# РАЗБЕРЕТЕ ШТО СЕ НОДУЛИ НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ И ДРУГИ НАОДИ



## Нодули на белите дробови

При проверката за рак на белите дробови се користи скенирање со компјутерска томографија - КТ (CT) со ниска доза на зрачење за да се пронајдат мали грутки, наречени нодули (јазли). Ако имате мали грутки во белите дробови, може, но и не мора да станува збор за рак, но тие треба да се испитаат или следат.

- Нодулите на белите дробови се многу чести.
- Со проверката за рак на белите дробови може да се откријат нодули кај скоро половина од луѓето кои прават проверка.
- Повеќето нодули не се поврзани со рак.
- Често, нодулите се лузни од минати инфекции на белите дробови.
- Нодулите обично не предизвикаат никакви симптоми.
- Едно лице може да има неколку нодули.
- Состојбата не е нужно посериозна ако имате повеќе нодули, а не само еден.
- доколку немате значајни наоди, NCSR ќе ви испрати потсетник да направите повторна проверка по две години.

Доколку со КТ скенирањето со ниска доза на зрачење се откријат нодули, може да ви биде препорачано да направите дополнително КТ скенирање со ниска доза на зрачење. Ова може да биде по 3, 6 или 12 месеци. Ќе добиете потсетник кога да го посетите вашиот давател на здравствени услуги кој ќе ви даде барање за дополнително КТ скенирање со ниска доза на зрачење.

Ако нодулот расте или се менува, вашиот давател на здравствени одлуки може да ве упати кај специјалист за понатамошно испитување или можете да побарате почесто да правите контролни скенирања. Доколку ве упатат кај специјалист, тој/таа може да ви организира да направите дополнителни тестови.

Ако се открие дека нодулот е рак на белите дробови без никакви знаци или симптоми, многу е веројатно дека е откриен рано со скенирањето. Тоа значи дека може полесно да се лекува.

Australian Government

NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM

## Наоди кои не се поврзани со рак на белите дробови

Со скенирањето може да се видат и други делови од телото, во долниот дел од вратот, градниот кош и горниот дел на стомакот. Понекогаш може да се покажат работи или во белите дробови (нешто друго освен рак, како што е емфизем) или надвор од белите дробови (како што е срцево заболување). Доколку се откријат наоди кои не се поврзани со рак на белите дробови, Националниот регистар за проверка за рак (National Cancer Screening Register) ќе ви предложи да го посетите вашиот давател на здравствени услуги за да разговарате дали се потребни дополнителни тестови.

Радиологот што го подготвил извештајот од вашето скенирање ќе ги прегледа сите делови од телото што можат да се видат. Промените што немаат краткорочно или долгорочно влијание на вашето општо здравје може да не се вклучени во извештајот. Тоа ги вклучува промените кои се сметаат за нормални за возраста („wear and tear"). Сите наоди што не се поврзани со рак на белите дробови, но кои можат да влијаат на вашето општо здравје, ќе бидат наведени во извештајот.

Разговорот за овие други наоди со вашиот давател на здравствени услуги може да придонесе за подобрување на вашето општо здравје. Без скенирање, можеби немаше да бидете свесни за состојбите што можеби влијаеле на вашето здравје.

## Симптоми на кои треба да се внимава

Нормално е да бидете загрижени кога учествувате во програма за проверка за рак. Чекањето за скенирање и добивањето на резултатите може да предизвикаат вознемиреност. Ве молиме разговарајте со вашиот давател на здравствени услугир за сите работи што ве загрижуваат или за кои имате прашања.

Проверката не е соодветна за лица со необјаснети и постојани симптоми, вклучувајќи ги симптомите наведени подолу. На овие лица им се потребни други тестови.

Ако имате некој од овие симптоми, дури и ако вашата последна проверка покажала многу мал ризик или ако сте помеѓу две проверки, ве молиме веднаш консултирајте се со вашиот давател на здравствени услуги.

- **Нова или променета кашлица**
- **Искашлување крв**
- **Отежнато дишење без причина**
- **Голем замор**
- **Необјаснето губење на тежина**
- **Болка во градите или рамената што не престанува**



## Други услуги за поддршка до кои можете да пристапите вклучуваат:

**Поддршка од Cancer Council (Совет за рак)**
13 11 20

**Lung Foundation Australia (Австралиска фондација за здравје на белите дробови)**
1800 654 301

**13YARN**
13 92 76

**Lifeline**
13 11 14

**Beyond Blue**
1300 224 636

**Quitline**
13 78 48

**Head to Health**
1800 595 212

Проверката на секои две години е најдобриот начин за рано откривање на ракот на белите дробови, кога тој полесно се лекува.

**За повеќе информации за Националната програма за проверка за рак на белите дробови:**
www.health.gov.au/nlcsp

Quitline 13 7848

**За помош да се откажете од пушење:**
www.quit.org.au

DT0004838-0625